Агон ДЕМЈАХА

# УЛОГАТА НА ЕВРО-АТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ ВРЗ ОДНОСИТЕ МЕЃУ МАКЕДОНИЈА И КОСОВО ЗА ВРЕМЕ НА КОНФЛИКТОТ ВО 2001[1]

## 1. Вовед

Како што веќе е познато, од февруари 2001 година, вооружениот конфликт меѓу Ослободителната народна армија (ОНА) и македонската војска ескалираше од мало локално насилство во македонско-косовскиот пограничен регион до границите на целосна граѓанска војна. Низ целиот овој процес, кој беше неколку пати прекинуван или со повлекувањето на бунтовниците од ОНА во северозападните планински предели или со нестабилни примирја, ЕУ и НАТО беа мошне длабоко инволвирани, надевајќи се да го спречат понатамошното ескалирање. (Schneckener, 2002, стр. 24) Несомнено, важната

1 Трудот е дел од Докторската дисертација на авторот со наслов "Односите помеѓу Република Македонија и Косово: Улогата на Евро-Атлантските интеграции," Универзитет "Свети Кирил и Методиј," Правен Факултет – Јустинијан Први, Скопје, Јули 2012.

Авторот е доктор по политички науки и предава на Државниот универзитет во Тетово и на УЈИЕ

улога на НАТО во македонската криза беше меѓу другото поврзана и со новите и еволуирачки способности за кризен менаџмент. Во исто време, неговата воена структура, стекната преку децении, беше исто така важна за овие задачи. Од друга страна, во 2001 година, ЕУ беше исто така поспособна да се справува со кризи одошто за време на вооружените конфликти во Хрватска, Босна и Херцеговина и Косово. Оттогаш, се воведоа неколку нови механизми и инструменти, со новата институционална рамка за Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) и Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП) како најважни. Вклучувањето на овие нови способности ѝ даде на ЕУ зголемени можности за континуитет и брза реакција во кризи, покрај оние на Претседателството на Советот.

Од друга страна, претставниците на НАТО беа веќе присутни на теренот во Македонија кога почна конфликтот. Покрај тоа, како еден од потписниците на Воено-техничкиот договор од јуни 1999 година, НАТО имаше овластување да врши измени во Теренските безбедносни зони, а во исто време преку КФОР беше ангажиран во демилитаризацијата на ОВК и одвраќање од нови непријателства. Згора на тоа, првичната задача на КФОР во однос на Македонија беше да се превенира преминувањето на екстремистите и оружјето и други форми на криумчарење преку границата. На сличен начин, ЕУ беше во состојба да применува широк спектар на инструменти, вклучувајќи економска помош, полиција, војници, и политички претставници на високо ниво, за да влијае врз одвивањето на настаните во Македонија. Покрај своите сопствени средства, ЕУ беше во состојба да ги интегрира напорите, ресурсите и влијанието на мноштво други институции и национални влади, најмногу НАТО и САД, во еден ефективен меѓународен напор. (Dobbins, 2008, стр. 71-72)

Косово исто така беше на повеќе начини инволвирано во конфликтот во Македонија и поради својата близина но уште повеќе поради силните врски меѓу Албанците на обете страни на границата. Прво, криумчарење и пренесување на оружје во и надвор од Косово се одвиваше веќе подолго време во планинското погранично подрачје меѓу Македонија и Косово. Се проценува дека до 750,000 парчиња Калашников, заедно со три милиони рачни гранати, некако успеаја да се најдат во Косово, каде околу половина милион парчиња оружје ограбени од албанските државни оружарници во 1997 година беа во оптек во Македонија. (Swedish International Development Cooperation Agency, 2003, стр. I6) Второ, клучното раководство на ОНА, иако со албанско македонско потекло, беше меѓу водечките фигури на ОВК во Косово.

На пример, Али Ахмети – Врховниот командант и претставник на ОНА – беше еден од основачите на ОВК и служеше во Генералштабот, додека Гзим Острени – Началникот на генералштабот на ОНА – беше виш командант на ОВК и подоцна Началник на генералштабот на КЗК. (Kola, 2003, стр. 378) Трето, голем дел на борците од ОНА беа Албанци од Македонија кои веќе се бореле во Косово, а меѓу нив беа и остатоци од ОВК кои беа дојдени да им помогнат на своите браќа во Македонија. На крај, несигурниот статус на провинцијата беше сам по себе покана за албанскиот екстремизам. Сè додека косовските Албанци веруваа дека меѓународната заедница крои план повторно да ги обедини со Белград, преовладуваше симпатија за радикалите кои тврдеа дека насилството е единствениот начин да се премисли Западот. (International Crisis Group No. 109, 2001, стр. 9)

## 2. Влијанието на разните фактори врз односите меѓу Македонија и Косово

Во овој дел ќе се осврнеме на анализа на улогата на евро-атлантските интеграции врз односите меѓу Македонија и Косово во текот на конфликтот во Македонија во 2001 година. Истовремено ќе се анализира и улогата на други релевантни фактори, т.е. етничкиот, економскиот и политиката на еквидистанца. Фактот што по природа конфликтот во Македонија беше меѓуетнички, имплицира дека влијанието на етничкиот фактор врз односите меѓу двете земји во текот на овој период беше воглавно негативно. Овде треба да се објасни дека поради фактот што конфликтот во Македонија во принцип имаше интер-етнички карактер, неговиот исход имаше директно влијание врз односите меѓу Македонија и Косово. Ескалација на конфликтот во целосна војна, во крајна линија ќе предизвикаше понатамошно влошување на односите меѓу двете земји. Од друга страна, успешно решавање на конфликтот ќе ги зголемеше можностите за засилена соработка во иднина.

Важно е да се спомне дека за време на конфликтот во 2001 год. Македонија се подели по етничка линија. Македонците и Албанците во земјата имаа сосема спротивставени ставови околу причините за конфликтот и неговите последици. Пред конфликтот, голем дел на етничкото албанско население генерално ја одбиваше идејата за насилството како средство за остварување на уставните права. Всушност, според неколку испитувања, етничките Албанци имаа поголема доверба во владините структури од своите македонски сограѓани, но сепак, кај нив, особено кај младите, со години генерално

преовладувало чувство на безнадежност. (Daskalovski, 2006, стр.185-186) Затоа, кога отпочна оружаниот револт, набргу тој се објасни како неопходен одговор на децении дискриминација откако не успеаја сите законски напори. (Norwegian Helsinki Committee for Human Rights, 2003, стр. 19) Како резултат, мнозинството етнички Албанци ја изразија својата поддршка за ОНА и побуната, како начин Албанците да ги остварат своите витални политички цели. Од друга страна, мнозинството етнички Македонци силно го одбија албанскиот аргумент дека побуната е реакција на систематската дискриминација на албанското население и со тоа претставува легитимна борба за поголеми права. За нив, на востанието треба да се гледа во регионален контекст, бидејќи е директен резултат на настаните во Косово во 1999 година. Имено, од интервенцијата на НАТО во 1999 година, етничките Македонци тврдеа дека неизвесната ситуација во Косово би можела да претставува закана за стабилноста на Македонија. Згора на тоа, етничките Македонци тврдеа дека ОНА е организација базирана во Косово со водачи и борци косовски Албанци. (Buhaug, 2008, стр. 4)

Мислењата на политичките лидери од обете етнички заедници се движеа повеќе или помалку по истите линии. Во почетокот, албанските политички партии во Македонија внимателно се дистанцираа од насилството. Според Мендух Тачи, тогашен потпретседател на ДПА, ОНА беа предавници на албанската кауза во Македонија, и владата треба да остварува власт во целиот регион каде владее. Од друга страна, ПДП и нејзиниот тогашен лидер Имер Имери, се чинеа понеодлучни и не се дистанцираа од ОНА толку енергично како ДПА. И покрај ова, на 20-ти март, беше објавена заедничка декларација на албанските политички партии со која се осуди примената на насилство за политички цели поради тоа што го поткопува демократскиот процес, и, следствено на тоа, побараа од илегалните вооружени структури да го положат оружјето. (Sokalski, 2003, стр. 230) Но, кога преку своето коминике број шест, ОНА ја промени својата реторика и тврдеше дека се „бори за човекови права на Албанците во Македонија и за уставни реформи", албанските политички партии бргу ги поддржаа овие умерени политички цели кои впрочем се совпаѓаа со политичките барање на нивните партиски програми. (Rozen, 2001)

Македонските политичари, слично како и граѓаните, го припишуваа бунтот на надворешни фактори, и одбиваа да го припишат на македонската малцинска политика. На пример, Филип Петровски, во тоа време член на Собранието од редовите на ВМРО-ДПМНЕ, посочи дека „оваа побуна е резултат на состојбата во Косово. Факт е дека ОНА се

Албанци екстремисти од Косово за кои нестабилноста во Македонија е неопходна за продолжување со криминалните активности“. Потпретседателката на СДСМ, Радмила Шекеринска, исто така главната вина за албанското востание ја гледаше во тешките случувања во Косово, како и во етничките албански криминални елементи кои имаа потреба од обезбедување на понатамошната нестабилност во регионот за да продолжат со своите активности. Но, во исто време таа изрази загриженост поради потенцијалот за регрутирање во самата албанска заедница во Македонија, укажувајќи на генералното незадоволство кај Албанците во земјата. (Norwegian Helsinki Committee for Human Rights, 2003, стр. 24) Во своето обраќање кон нацијата, Премиерот Љубчо Георгиевски инсистираше дека тогашниот конфликт е резултат на агресија планирана и раководена од Косово, и ја обвини меѓународната заедница и трупите на КФОР што им дозволија на „бунтовничките банди“ да „извршат инвазија на Македонија“. (International Crisis Group No. 109, 2001, стр. 9) Во тој момент, етничките поделби во земјата го достигнаа својот врв, додека односите меѓу Македонија и Косово паднаа на најниско ниво од било кога дотогаш. Ова не води до заклучок дека за време на конфликтот во Македонија, влијанието на етничкиот фактор беше доминантно негативно.

Од друга страна, економскиот фактор можеше да има определена позитивна улога во ублажувањето на конфликтот во 2001 година. Очигледно, кризата ја забрза рецесијата е се закани да ги исфрли од колосек идните изгледи за раст бркајќи го критичниот странски капитал. Производството значително опадна, и извозот се намали како резултат на затворањето на трговските патишта низ кризните региони. (World Bank, 2001, стр. 4) Исто така, се забележи негативна стапка на пораст на БДП од повеќе од 4%, пред сè поради намалувањето на индустриското производство, помалиот промет во трговијата и намаленото производство во поголем број други стопански дејности. Според Наневски, ова влијание особено дојде до израз во периодот по месец март 2001 година, кога поради влошената безбедносна состојба во земјата, се намали вкупната побарувачка, а особено на производите што се извезуваа на странските пазари. Индустриското производство во голема мера се намали како резултат на отежнатото снабдување со суровини и репроматеријали, како и поради намалувањето на побарувачката поради откажување на многубројните договори со странски партнери. (Наневски, 2002, стр. 244)

Покрај тоа, платниот биланс беше под притисок поради големиот обем на набавка на странско оружје од страна на македонската држава.

Поради тоа, неопходна беше макроекономската помош и обнова на индустријата. На пофундаментална основа, сè уште требаше да се заврши структурната трансформација на економијата од ерата на централното планирање за да се одржи растот. Трансформацијата од економија водена од државата кон либерален модел на слободен пазар создаде социјален и политички притисок кој придонесе за и онака веќе затегнато окружување. Кризата само ја нагласи потребата од успешна трансформација. (Dobbins, 2008, стр. 57) Затоа, може да се каже дека од економски аспект, беше во интерес на владата на Македонија да го разреши конфликтот, и дека следствено на тоа, економскиот фактор требало да одигра позитивна улога во оваа насока. Во тој случај, би можело да се каже дека ова би можело да ги подобри шансите за добри односи меѓу Македонија и Косово.

Третиот фактор, т.е. политиката на еквидистанца како пристап на регионален баланс, не одигра некоја посебна улога за време на конфликтот во 2001 година. Оваа политика која беше дизајнирана и иницирана од Киро Глигоров, првиот Претседател на независна Македонија, беше веќе напуштена од Премиерот Георгиевски за време на конфликтот во Косово. Кога во 1999 година, Борис Трајковски го замени Глигоров како Претседател на земјата, таа уште повеќе изгуби на важност. Како последица, со оглед дека влијанието на овие три фактори беше слабо, непостоечко или дури и негативно, ќе се осврнеме на анализа на улогата која политиките на НАТО и ЕУ за стабилизација и интеграција ја имаа во односите меѓу Македонија и Косово за време на конфликтот во Македонија.

ЕУ и НАТО од самиот почеток на конфликтот вршеа притисок врз завојуваните страни во Македонија, а нивните претставници, Хавиер Солана и Џорџ Робертсон, ја посетија земјава во неколку прилики. Згора на тоа, меѓународната заедница генерално, а НАТО и ЕУ особено веднаш формулираа јасни цели во однос на конфликтот во Македонија. Главната цел беше да се спречи проширувањето на борбите од руралните подрачја во мултиетничките градови, и со тоа да се спречи граѓанска војна. Покрај тоа, овие цели се стремеа да спречат објавување на воена состојба од страна на македонската влада, постигање на стабилно примирје, и убедување на страните во конфликтот да се договорат на мировна спогодба со примена на политички и економски притисок. (Jurekovic, 2002, стр. 128)

Треба да се спомене дека веќе постоеше консензус меѓу македонското и албанското население и раководство во однос на интеграцијата во ЕУ и НАТО. Македонија имаше воспоставено контрактуални односи со ЕУ

уште од 1995 година, кога земјата можеше да конкурира за финансиска помош од програмите ФАРЕ и ОБНОВА. Македонија и ЕУ потпишаа договори за соработка и трговија во 1997 година. Овие програми имаа за цел зајакнување на јавните институции, унапредување на усвојувањето на acquis communautaire и подобрување на економската и социјалната кохезија. Од 1995 до 2000 година, Македонија доби 180 милиони Евра од програмите ФАРЕ и ОБНОВА, кои во 2001 година ги замени програмата КАРДС. Европската комисија ја отвори Канцеларијата на постојаниот претставник во Македонија во 1998 година, која беше подигната на ниво на постојана Делегација на Европската комисија во 2000 година. (Sandevski, 2009, стр. 42) Воедно, Македонија постигна национален консензус за своите аспирации за членство во НАТО, изразен во Резолуцијата за пристапување на Република Македонија кон НАТО усвоена од Собранието на Република Македонија на 23-ти ноември 1993 година. (Dimitrov, 2006, стр. 115) На 15-ти ноември 1995 година, Република Македонија го потпиша Рамковниот документ за пристапување кон Програмата ПЗМ во Седиштето на НАТО во Брисел, воедно приклучувајќи се кон Северноатлантскиот совет за соработка кој во 1997 година се трансформираше во Евро-атлантски партнерски совет.

ЕУ презеде водечка улога во меѓународните дипломатски напори за промовирање на мирот во Македонија од самиот почеток на конфликтот. За време на конфликтот, ЕУ успешно ги користеше своите политички инструменти за да ги убеди македонските политичари да преземат определена насока на постапување. Во координација со НАТО, делувањето на ЕУ беше клучно во превенирањето на ескалација на насилството. Уште на 19-ти март, Министрите на ЕУ за надворешни работи се договорија за пакет мерки вклучувајќи помош во граничната контрола во име на поддршка на македонската влада и унапредување на меѓуетничките односи, додека на 23-ти март во Стокхолм изразија солидарност со македонската влада, бараа продолжување на воздржаноста, и се заложија за помош при управувањето со границата, поддршка за бегалците, локалната самоуправа и реформите во судството, вклучувајќи ги и малцинските права. (Daskalovski, 2004, стр. 17-18)

Особено важна улога одигра Договорот за стабилизација и асоцијација (ДСА), што претставуваше прв чекор кон членство во ЕУ. Тој договор Македонија го потпиша на 9-ти април 2001 година, со што стана првата балканска земја да оствари ДСА. ЕУ на договорот гледаше како на дипломатски гест кој имаше за цел да го присили македонското политичко раководство да стави крај на насилствата и да воведе политички реформи. Покрај тоа, ЕУ се обиде да го промовира ДСА како

рамка за дијалог. Во контекстот на неопходното прилагодување кон стандардите на ЕУ за демократија, човекови права и владеење на правото, како што беше договорено со ДСА, страните требаше да ги решат своите меѓуетнички проблеми. Оваа формула исто така беше применета за стратегија за зачувување на образот на етничките македонски политичари кои не сакаа да изгледаат како да прават било какви отстапки на албанските екстремисти. Со слична цел, ЕК понуди засилена финансиска и техничка помош во текот на процесот. (Schneckener, 2002, стр. 31) Како последица, Комесарот за надворешни работи Крис Патен за прв пат доби овластување да потроши 2,5 милиони Евра од Механизмот за брза реакција за поправка на куќите оштетени за време на борбите во февруари и март. (Daskalovski, 2004, стр. 18)

На сличен начин, од самиот почеток на кризата, НАТО беше мошне ангажиран во конфликтот во Македонија и политички и воено, со користење на силите на КФОР преку граница. Сè поголемото насилство кое беше присутно во Македонија во текот на март го поттикна НАТО да испрати поголеми трупи на КФОР во пограничната област, истовремено барајќи од земјите учеснички да испратат повеќе војници. Понатаму, беше испратен нов виш претставник, Амбасадоротот Ханс-Јерг Ајф, како поддршка на постојниот офицер на НАТО за врски со седиште во Скопје, и беше воспоставен и воен тим за врски, предводен од виш воен офицер на НАТО со седиште во Министерство за одбрана во Скопје. (Yesson, 2003, стр. 34) Покрај тоа, политичкиот претставник на НАТО Питер Фејт, одигра клучна улога во договарањето на неколку примирја во Македонија. На пролет 2001, НАТО одби барања за воена интервенција во конфликтот, а Генералот на НАТО Ралстон сведочеше пред Конгресот на САД дека дополнителни трупи треба да ѝ помогнат на мисијата на КФОР, воедно залагајќи се против проширување на мисијата на КФОР во Македонија. За Генералот, клучните аргументи беа фактот дека планинската косовско-македонска граница не можеше сосема да се затвори и дека НАТО силите не треба да се мешаат во конфликтот. (Daskalovski, 2004, стр. 20)

Сепак, понатамошната ескалација на кризата бараше интензивна координација и соработка меѓу ЕУ и НАТО. Како последица, и во Брисел и во Скопје, ЕУ и НАТО воспоставија интензивни работни односи, кои пред тоа не постоеја. Неколку пати Солана и Робертсон се сретнаа заедно со македонските и албанските лидери, со тоа de facto преземајќи ја позицијата на медијатори. (Schneckener, 2002, стр. 32) Под притисок на ЕУ и НАТО, на 13-ти мај, четирите главни политички партии на Македонија - ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДПА и ПДП – формираа влада

на национално единство. Надминувајќи политички и етнички линии, целта на новата коалиција беше да промовира обединет пристап кон кризата. (International Crisis Group No. 113, 2001, стр. 4)

Всушност, и покрај меѓународната помош, политичкиот дијалог не покажуваше значителен напредок во земјата. Токму спротивно, дотогаш Премиерот Георгиевски им се приклучи на тврдокорните македонски националисти во владата кои беа убедени дека војската ќе може да ја победи ОНА на бојното поле. Но, континуираната потрага по воена разрешница само ја нагласи ограничената способност на македонските воени сили, чиј неуспех да ја стават побуната под контрола ѝ даваше сила на ОНА и поттикнуваше понатамошна меѓународна загриженост. До летото 2001, се чинеше дека земјата се движи кон граѓанска војна: значителни делови на територијата на северот и западот на земјата се наоѓаа во бунтовнички раце; околу 60 македонски војници и полицајци беа убиени или во борба или во заседи на ОНА; десетици илјади цивили, етнички Македонци и Албанци, беа раселени поради борбите; албанските села во и околу упориштата на ОНА претрпеа значителни оштетувања како резултат на воените напади; и судирите меѓу заедниците, иако беа сè уште релативно изолирани, сепак опасно се зголемуваа во број. (Sokalovski, 2003, стр. 232)

На 29-ти мај, на врвот на кризата, земјата ја шокираше предлогот за поделба на земјата по етничка линија кој беше искажан од страна на влијателната Македонска академија на науки и уметности (МАНУ). Таквиот предлог беше недвосмислено поддржан од определени елементи во етничката македонска политичка и интелектуална елита, пред сè Георгиевски, кој приватно се залагаше за поделба на земјата по етничка линија како солуција за бунтот и за сè поголемото непријателство меѓу македонската и албанската заедница. (International Crisis Group No. 113, 2001, стр. 13) Со Георгиевски кој пропагираше објавување на воена состојба од една страна, и официјалните претставници на НАТО и ЕУ кои постојано бараа договорена спогодба од друга страна, Претседателот Трајковски на 1-ви јуни објави мировен план. Планот се залагаше за компромис според кој македонската влада би иницирала политичка реформа во замена за одлагање на оружјето од страна на ОНА. Се предложи НАТО да испрати сили во Македонија заради координирање и разоружување на ОНА. Коалициската влада, која вклучуваше претставници од албанските партии, бргу го прифати мировниот план на Трајковски. НАТО исто така се согласи да распореди мировни сили за да ја разоружаат ОНА, додека ЕУ и Соединетите Држави наименуваа редовни специјални пратеници, Франсоа Лиотар

и Џејмс Пердју, за да ги водат обете страни кон политичка спогодба. Со приклучување на Американците, и со ЕУ и НАТО кои веќе инсистираа да се разреши кризата, мировниот процес се здоби со нов карактер на итност. Како последица, на 13-ти август, се потпиша сеопфатна мировна спогодба со посредство на меѓународниот фактор, Охридскиот рамковен договор, под покровителство на Претседателот Трајковски, од страна на четирите политички партии кои ја сочинуваа владата на национално единство за да се оконча конфликтот.

Очигледно, широкиот консензус околу евро-атлантските интеграции им овозможи на ЕУ и НАТО успешно да ја применат политиката на морков и стап. Во тесна координација, двете организации постигнаа успех во превенирањето на ескалација на насилството. Потпирајќи се на комбинација на средства на влијание, ЕУ и НАТО се покажаа способни да ги присилат македонската влада и бунтовниците да прифатат мировна спогодба. Елитите во Македонија ги распознаа огромните придобивки од Членство во ЕУ и НАТО, и затоа беа подготвени да соработуваат со лидерите на ЕУ и НАТО во изнаоѓање на решение за конфликтот. Како последица, можеме да заклучиме дека токму евро-атлантските интеграции беа клучни за ублажување на конфликтот, и со тоа придонесоа за подобрување на изгледите за зајакната соработка меѓу Македонија и Косово во иднина.

Сега накусо ќе се осврнеме на реакциите на косовските политички елити за време на конфликтот во Македонија, како и можното влијание кое ЕУ и НАТО го имаа врз обликувањето на нивните позиции. Треба да се забележи дека непосредната реакција на косовските политичари беше мошне претпазлива. Хашим Тачи од Косово го осуди насилството, велејќи дека е неприфатливо тоа да го заземе местото на политички процес. Ветон Сурои, издавач на Коха Диторе изјави дека стабилноста на Македонија е во интерес на Албанците, и затоа секаква воена групација треба политички да се изолира. (Balkan Report, 2001) Дури и Премиерот на Албанија, Илир Мета, изрази надеж дека Албанците во Македонија ќе одберат дијалог бидејќи во спротивен случај тие ќе бидат изолирани и ќе загубат сечија поддршка. Згора на тоа, тој изјави дека екстремистите во Македонија треба да се казнат и дека Албанија треба да го поддржи територијалниот интегритет на Македонија. (Balalovska, 2002, стр. 20) Од една страна, очигледно таквата позиција се должеше на стравувањето дека меѓународното неодобрување на новата етничка албанска герилска групација во Македонија би можела да го загрози проектот за независно Косово. Од друга страна, Косовските лидери беа очигледно под притисок на високите претставници на ЕУ

и НАТО. Според Џон Филипс, албанските косовски лидери Ибрахим Ругова, Хашим Тачи, Рамуш Харадинај и Агим Чеку, како и Премиерот на Албанија, Илир Мета, беа сите присутни на состанокот со Роберт Фровик во Призрен, и помогнаа да се убеди Ахмети да престане вооружената борба на ОНА и да се формулираат политички барања кои би биле прифатливи за Скопје. (Phillips, 2004, стр.118)

## 3. Мислења на интервјуирани претставници на политичките елити во Македонија и Косово

Мнозинството интервјуирани политичари и во Македонија и во Косово исто така оддадоа признание на улогата која ЕУ и НАТО ја одиграа во обликувањето на одлуката на македонската влада и косовската политичка елита во однос на конфликтот во Македонија. Така, според Антонио Милошоски, конфликтот во Македонија во 2001 година, од аспект на ЕУ и на НАТО, претставуваше тест за успешноста на функционирањето на меѓуинституционалната соработка меѓу ЕУ и НАТО во областа на кризниот менаџмент, област во која двете организации во тоа време веќе извесен период вршеа подготовки за формализирање на односите. Милошовски понатаму истакнува дека, на задоволство на сите инволвирани страни, вклучително и на Македонија, овој тест се смета за успешен, со тоа што, од една страна придонесе за стабилизирање на состојбите во земјата, а од друга, претставуваше камен темелник на односите НАТО-ЕУ, и затоа од денешен аспект, улогата на ЕУ и НАТО за време на конфликтот во Македонија служи како пример за успешна соработка.[2] (Милошоски, 2011)

Ивица Боцевски пак истакнува колку цврст фактор беше македонската определба за ЕУ и НАТО, бидејќи и во најтемните периоди на конфликтот, никому во Македонија не му падна напамет да повлекува апликации за НАТО и за ЕУ и да се дистанцира од самиот пат кон НАТО. Точно, вербално дел од операциите беа вреднувани вака или онака, меѓутоа ниту вербално ниту со акција не беше наслутено некое си чудно дејствие, што е интересен фактор. Боцевски исто така смета дека ЕУ и НАТО се вмешаа во самиот почеток на конфликтот. Конкретно, според Боцевски, ЕУ беше морков во целата таа приказна, но во конфликтни

2 Антонио Милошоски беше Министер за надворешни работи на Република Македонија од август 2006 до јули 2011, а во моментов тој е член на Собранието на Република Македонија и претседавач на Комисијата за надворешна политика на Собранието.

ситуации тоа не е доволно и затоа беше неопходно инволвирањето на НАТО. Во секој случај, Боцевски истакнува дека Македонија допре до најдолната точка, го затресе конецот по кој нема враќање, меѓутоа не отиде на другата страна, не го скина тој конец.[3] (Боцевски, 2011)

Според Владо Бучковски, беше очигледно дека меѓународната заедница и лично преку ангажманот на поединци даде печат во политичкото решавање на кризата во Македонија. Тој истакнува дека на почетокот, целата приказна околу Македонија не беше толку наивна, пред сè поради нерешениот статус на Косово и неизвесноста дали ќе стигне до независност. Бучковски смета дека и прашањето на унитарниот карактер на РМ ќе беше отворено да не дојдеше до дефинирање на барањата, кои се трансформираа во политички барања на сите претставници на Албанците во Македонија, на Призренскиот состанок кога беше промовирана Призренската декларација. Според него, од повеќе политички документи беше евидентно дека меѓународната заедница ја презеде клучната улога, и факт е дека спонзори на Охридскиот Рамковен договор беа претставниците на ЕУ и на САД, а дека главен сојузник во имплементација на договорот беа НАТО и ОБСЕ. Од друга страна, Бучковски истакнува дека беше евидентно пресудното влијание на меѓународната заедница врз Косовските политичари. Од лично искуство и разговори со највлијателните косовски политичари, тој одговорно тврди дека сите тие беа исклучително координирани од страна на меѓународната заедница. Претставниците на НАТО и ЕУ јасно им ставиле до знаење дека до независноста на Косово не ќе може да дојде ако продолжат да бидат дестабилизирачки фактор во регионот. Како резултат на тоа, особено од 2000 година до независноста, на косовските лидери им беше наметната улога да покажат дека имаат таков капацитет во регионот да градат сојузништва а не да прават проблеми.[4] (Бучковски, 2011)

Според Ивон Величковски, политичката интервенција на НАТО и ЕУ дојде во вистински момент за да се спречи ескалацијата на конфликтот кој се приближи до периферијата на главниот град, и го поплочи патот кон Охридскиот договор, потпишан во август 2001

3 Ивица Боцевски беше Заменик премиер надлежен за европски прашања и Портпарол на Македонската влада. Воедно има работено во Владата на Република Македонија и Министерството за надворешни работи.

4 Владо Бучковски е поранешен Премиер на Република Македонија од декември 2004 до август 2006, а претходно Министер за одбрана од мај 2001 до ноември 2001 и од ноември 2002 до декември 2004. Воедно беше претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија од ноември 2004 до ноември 2006.

година со ЕУ и САД како гаранти. Како последица, тој тврди дека овие две наднационални организации всушност одиграа позитивна и активна улога во моделирањето на траен и функционален систем кој го сочува унитарниот карактер на државата (мошне важно за Македонците), но воедно овозможи остварување на колективните права на немакедонските заедници, пред сè Албанците во Македонија. Понатаму, тој спречи промена на границите како потенцијална закана за повторување на долготрајниот конфликт на Балканот, во практиката воспоставувајќи безбедносни гаранции кои ја осигураа стабилноста на Македонија како држава и му дадоа на општеството нов моментум во неговиот развој.[5] (Величковски, 2011)

За Радмила Шекеринска, улогата на НАТО и ЕУ беше од огромен значај за време на кризата во Македонија. Таа смета дека ова беше прв пат тие да интервенираат на време, на мошне координиран начин, и на соодветно, мошне високо ниво. При тоа, таа нагласува дека ЕУ и НАТО, заедно со САД, беа вклучени во преговорите за Охридскиот договор, како гаранти на истиот. Значи нивното инволвирање било во почетокот, за време, и по кризата. Според Шекеринска, од особена важност беше улогата на ЕУ, која по прв пат успеа да има заедничка надворешна и сигурносна политика на Балканот. Поради тоа, со право, претставниците на ЕУ ја сметаат инволвираноста на Унијата во Македонија за еден од најуспешните ангажмани воопшто. Истовремено, Шекеринска смета дека овие две организации имаа позитивно влијание и врз тогашните институции на Косово. Пред сè, од голема важност е фактот што НАТО (КФОР) ја контролираше границата меѓу двете земји, со што беше оневозможен неконтролиран влез/излез на луѓе и оружје меѓу двете земји. НАТО и ЕУ исто така имаа големо влијание врз албанските лидери на Косово и нивниот став во врска со конфликтот во Македонија. Тие ставови воглавно беа умерени а не радикални, како што би можело да се очекува. Дури, одговорно може да се тврди дека косовските лидери имаа позитивно влијание врз лидерите на ОНА во смисла на смирување на тензиите и подобрување на кооперативноста.[6] (Шекеринска, 2011)

5 Ивон Величковски е актуелен претседател на Либералната партија на Македонија и од 2010 година исто така е член на Собранието на Република Македонија.

6 Радмила Шекеринска беше Заменик премиер на Република Македонија надлежен за европски прашања, а од 1998 таа е член на Собранието на Република Македонија. Исто така, таа беше претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија од ноември 2006 до мај 2009.

Ставовите на етничките албански политичари и во Македонија и во Косово во поглед на улогата на ЕУ и НАТО за време на конфликтот во Македонија се слични со ставовите на етничките македонски политичари. Според Али Ахмети, инволвираноста на ЕУ и НАТО спречи трагедија во Македонија слична на онаа во Босна и на Косово. Тој посочува дека НАТО одлучи сериозно да се ангажира во конфликтот откако сфати дека ОНА е добро организирана во политичко-воени единици, и водеше војна врз силна политичка и воена основа. Воедно, тој потврдува дека со потпишувањето на ДСА со Македонија, ЕУ и го пружи неопходниот морков на македонската влада, при тоа мотивирајќи ја да го реши конфликтот на начин на кој тоа го прави една одговорна држава. Според Ахмети, навременото и координирано ангажирање на НАТО, ЕУ и САД доведе до Охридскиот договор – пакт меѓу двете најголеми заедници во земјата кој ја сопре војната и го отвори патот за политички дијалог и толеранција. Од друга страна, Ахмети е убеден дека косовските политичари, мнозинството од кои тој го познава мошне добро и лично, беа под голем притисок на високи претставници на ЕУ и НАТО за време на конфликтот во Македонија. Тој објаснува дека и покрај јасните симпатии кон правичната војна на ОНА во Македонија, поради меѓународниот притисок, косовските политичари се однесуваа на одговорен, конструктивен и кооперативен начин.[7] (Ахмети, 2011)

Арбен Џафери, од друга страна, тврди дека не беа трупите и оружјето тоа што го сопре насилството, туку помошта која ја понуди ЕУ дека ќе интервенира во отпочнувањето на политички преговори. Џафери воедно посочува дека координираниот ангажман на ЕУ и НАТО спречи во Македонија трагедија слична на онаа во другите делови на поранешна Југославија. Тој, сепак, ја нагласува важноста на генералниот албански фактор во Македонија, Косово и Албанија во конструктивната соработка со ЕУ и НАТО, истовремено со вршењето притисок врз ОНА да прифати договорено решение на конфликтот. Џафери потврдува дека иако таа улога често се минимизира, Албанците уште еднаш ја покажаа својата посветеност кон просперитетната иднина на Македонија.[8] (Џафери, 2011)

---

7 Али Ахмети е Претседател на ДУИ од нејзиното основање, а од 2002 е член на Собранието на Република Македонија. За време на конфликтот во 2001 тој беше врховен командант и претставник на ОНА.

8 Арбен Џафери беше Претседател на Демократската партија на Албанците (ДПА) во Македонија од 1997 до јуни 2007, а од 1998 беше член на Собранието на Република Македонија.

Според Агим Чеку, иако ЕУ и НАТО беа во почетокот изненадени од конфликтот во Македонија, тие бргу презедоа одлучна улога во неговото ублажување. Покрај тоа, тој укажува дека за време на овој конфликт, НАТО немаше ниту мандат ниту подготвеност за воено ангажирање. Наместо тоа, ЕУ презеде главна улога во преговорите околу Охридскиот договор, додека НАТО играше клучна улога во стабилизирањето на земјата по завршувањето на кризата.[9] (Чеку, 2011) На сличен начин, Љуљзим Мјеку воедно ги фали ЕУ и НАТО за успешно спречување конфликтот во Македонија да ексалира во регионална војна. Според него, НАТО одигра клучна улога во превенирањето на ескалацијата на конфликтот во целосна војна, додека ЕУ одигра клучна улога за време на процесот на преговори, потпирајќи се целосно на предностите на новите засилени механизми за ЗНБП. Мјеку исто така ја нагласува конструктивната и одговорна улога која косовските политичари ја одиграа низ целиот конфликт.[10] (Мјеку, 2011) Други познати косовски политичари како Бајрам Реџепи[11], Фатмир Сејдиу и Вљора Читаку[12] исто така оддаваат признание на важната улога која ЕУ и НАТО ја одиграа за време на конфликтот во Македонија.

## 4. Заклучок

Може да се заклучи дека за време на конфликтот во Македонија од 2001 година, односите меѓу Македонија и Косово паднаа на најниско можно ниво. Исто така видовме дека покрај НАТО и Европска Унија, и самото Косово беше на повеќе начини инволвирано во конфликтот во Македонија. Истовремено, нашата анализа покажа дека влијанието на другите релевантни фактори, т.е. етничкиот, економскиот и политиката на еквидистанца беше слабо, непостоечко или дури и негативно.

9 Агим Чеку е Министер на безбедносните сили на Република Косово од февруари 2011, а од март 2006 до декември 2007 беше Премиер на Косово. Истовремено, од 2008 тој е лидер на Социјалдемократската партија на Косово.

10 Љуљзим Мјеку е Генерален директор на Министерството за надворешни работи на Република Косово од август 2008, додека пред тоа беше Советник на Заменик премиерот на Косово, Хајредин Куќи.

11 Бајрам Реџепи од февруари 2011 е Министер за внатрешшни работи на Република Косово и е член на косовското Собрание. Од март 2002 до ноември 2004 тој беше првиот избран повоен Премиер на Косово.

12 Вљора Читаку од февруари 2011 е Министер за европска интеграција на Република Косово, додека за време на претходната влада таа беше в.д. Министер за надворешни работи и Заменик Министер за надворешни работи на Република Косово.

Повторно видовме дека поради широкиот консензус меѓу Македонците и Албанците околу евро-атлантските интеграции, ЕУ и НАТО беа во состојба успешно да применат политика на морков и стап, и одиграа клучна улога во спречување на конфликтот и преговарање на договор взаемно прифатлив и за Македонците и за Албанците. Очигледно, елитите во Македонија ја распознаа огромната придобивка од членството во ЕУ и НАТО, и беа затоа подготвени да соработуваат со лидерите на ЕУ и НАТО во изнаоѓањето на решение за конфликтот. Од друга страна, поради меѓународниот притисок, косовските политичари се однесуваа на одговорен, конструктивен и кооперативен начин и покрај нивната емпатија за албанската кауза во Македонија. Како последица, можеме да заклучиме дека евро-атлантските интеграции беа клучни во ублажувањето на конфликтот, и со тоа придонесоа за подобрување на изгледите за поголема соработка меѓу Македонија и Косово во иднина.

**Резиме**

Главната цел на овој труд е да се анализира улогата на евро-атлантските интеграции врз односите меѓу Македонија и Косово во текот на конфликтот во Македонија во 2001 година. Истовремено е анализирана и улогата на други релевантни фактори, т.е. етничкиот, економскиот и политиката на еквидистанца. Бидејќи конфликтот во Македонија во принцип имаше интер-етнички карактер, јасно е дека неговиот исход имаше директно влијание врз односите меѓу Македонија и Косово. Ескалација на конфликтот во целосна војна, во крајна линија ќе предизвикаше понатамошно влошување на односите меѓу двете земји. Од друга страна, успешното решавање на конфликтот ќе ги зголемеше можностите за засилена соработка во иднина. Во тој контекст е анализирано влијанието на НАТО и Европска Унија врз политичките елити во Македонија и Косово. Истовремено, за потребите на овој труд, се спроведени специфични интервјуа со релевантни високи владини службеници и политичари од Македонија и Косово, за да се добијат дополнителни податоци и информации од прва рака.

**Agon DEMJAHA**

## THE ROLE OF THE EURO-ATLANTIC INTEGRATION ON THE RELATIONS BETWEEN MACEDONIA AND KOSOVO DURING THE 2001 CONFLICT

**Abstract**

The main aim of this paper is to analyze the role of Euro-Atlantic integration on relations between Macedonia and Kosovo during the conflict in Macedonia in 2001. Article also analyses the influence of other relevant factors, i.e. ethnic, economic and the policy of equidistance. Since the conflict in Macedonia was fought along ethnic lines, its outcome clearly had a direct impact on relations between Macedonia and Kosovo. Escalation of the conflict into a full-blown war would have ultimately caused further deterioration of relations between the two countries. On the other hand, successful resolution of the conflict would have eventually improved the prospects for increased cooperation in the future. It is in this context that the influence of NATO and EU on political elites in Macedonia and Kosovo was analyzed. In addition, for the needs of this article, specific interviews with relevant governmental officials and politicians both in Macedonia and Kosovo have been conducted, in order to receive additional data and first hand information.

**Библиографија**

Schneckener, U. (January 2002). Developing and Applying EU Crisis Management: Test Case Macedonia. ECMI Working Paper No. 14, Flensburg: European Centre for Minority Issues.

Dobbins, James and others. (2008). Europe's role in nation-building: from the Balkans to the Congo. Santa Monica: Rand Corporation.

Swedish International Development Cooperation Agency. (October 2003). Macedonia: a conflict analysis. Stockholm: Swedish International Development Cooperation Agency.

Kola, P. (2003). The Search for Greater Albania. London: Hurst and Company.

ICG Balkans Report No. 109, 2001, стр. 9.

Daskalovski, Z. (2006). Walking on the Edge: consolidating multiethnic Macedonia 1989-2000. Skopje: Globic Press.

Norwegian Helsinki Committee for Human Rights. (2003). Conflicting Perceptions: A study of prevailing interpretations of the conflict in Macedonia among Albanian and Macedonian communities. Oslo: Norwegian Helsinki Committee for Human Rights. Report 1.

Buhaug, H. Ringdal, K. Simkus, A.t and Listhaug O. (August 28 - August 31, 2008). Ethnic Polarization and Post-Conflict Animosity: The Case of Macedonia. Paper presented at the Annual Meeting of the American Political Science Association. Boston, USA: Centre for the Study of Civil War, International Peace Research Institute.

Sokalski, H. J. (March 2003). An Ounce of Prevention: Macedonia and the UN Experience in Preventive Diplomacy. Washington, D. C.: United States Institute of Peace Press.

Rozen, L. (March 2003). NLA Autonomy Goal. Balkan Crisis Report, No. 228.

International Crisis Group. (April, 5, 2001). The Macedonian Question: Reform or Rebellion. Skopje/Brussels: ICG Balkans Report N° 109.

World Bank. (August 2001). Former Yugoslav Republic of Macedonia, Transitional Support Strategy. Washington, USA: World Bank, No. 22628.

Наневски, Б. (2002). Макроекономски движења на Република Македонија во услови на воени дејствија. Во: Партиципација и кризата во македонската економија. Скопје: Фондација Фридрих Еберт.

Jurekovic, P. (April 20, 2002). International Conflict Management in Macedonia. In: Building Stability in Weak States: The Western Balkans. Proceedings of the 1st Workshop of the Study Group Crisis Management in South East Europe. Vienna: PfP Consortium and National Defence Academy.

Sandevski, T. (May 2003). External Democracy Promotion in Post-Conflict Zones - Evidence from Case Studies: Macedonia. Working Paper Series, Marburg: Philipps University Marburg - Center for Conflict Studies.

Dimitrov, N. (2006). Macedonia and NATO: Evolving Partnership. Crossroads – The Macedonian Foreign Policy Journal, Issue 1.

Daskalovski, Z. (2004). The Macedonian Conflict of 2001: Between Successful Diplomacy, Rhetoric and Terror. Occasional Paper, No. 7, Antigonish: St. Francis Xavier University, Studies in Post-Communism.

Yesson, E. (June 2003). Sending Credible Signals: NATO's Role in Stabilizing Balkan Conflicts. NATO/EAPC Fellowship Final Report.

International Crisis Group. (June, 20, 2001). Macedonia: The Last Chance for Peace. Skopje/Brussels: ICG Balkans Report N° 113.

Surroi too optimistic?. (March 9, 2001). Balkan Report. Accessed December 5, 2011, from http://lists.peacelink.it/ balcani/msg00655.html

Balalovska, K. Silj, A. and Zucconi, M. (2002). Minority Politics in Southeast Europe: Crisis in Macedonia. The Ethnobarometer Working Paper Series.

Phillips, J. (2004). Macedonia: Warlords and Rebels in the Balkans. New York: I.B.Tauris & Co Ltd.

Милошоски, А. (Мај 13, 2011). Интервју, Скопје.

Боцевски, И. (Октомври 10, 2011). Интервју, Скопје.

Бучковски, В. (Април 6, 2011). Интервју, Скопје.

Величковски, I. (Септември 28, 2011). Интервју, Скопје.

Шекеринска, Р. (Март 28, 2011). Интервју, Скопје.

Ахмети, А. (Октомври 14, 2011). Интервју, Скопје.

Џафери, А. (Јули 18, 2011). Интервју, Приштина.

Чеку, А. (Септември 19, 2011). Интервју, Приштина.

Мјеку, Љ. (Септември 12, 2011). Интервју, Приштина.

Реџепи, Б. (Јуни 6, 2011). Интервју, Приштина.

Читаку, В. (Октомври 4, 2011). Интервју, Приштина.